Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 31-29423/1
04-12-2014

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Примено: 05.12.2014

Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
01	6014	1	

ДО Г-дин Зоран Трајчевски, Директор
ул. „ВМРО" бр. 3
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ Коментари по Нацрт - Упатство за начинот на мерење на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма од Република Македонија

на чува...
20__ г.
Скопје

Почитувани,

Ви благодариме за укажаната можност за доставување на коментари Нацрт - Упатство за начинот на мерење на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма од Република Македонија. Искрено ја поздравуваме иницијативата за регулирање на оваа проблематика, а особено формирањето на Македонскиот комитет за мерење на публиката. Сметаме дека истото е во насока на подобрување на регулативната рамка и целокупниот процес на мерење на програмските сервиси како и користењето на мерењето од страна на заинтересираните субјекти.

Со оглед на важноста на Македонскиот комитет за мерење на публиката како тело чија основна задача е да ги координира мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија сметаме дека негово членство треба да се прошири и со претставници од огласувачите. Имено, сметаме дека е од особена важност огласувачите да учествуваат во утврдувањето методологијата за мерењето на публиката и утврдувањето минимални стандарди кон кои треба да се придржува истражувачката агенција која ги спроведува мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија. Оттука, огласувачите, како едни од најзаинтересираните корисници на податоците добиени со мерењето, би требало активно да учествуваат во целокупната работа на Македонскиот Комитет за мерење на публиката. Во таа насока, би сакале и да Ве известиме дека имаме намера да членуваме во Македонскиот Комитет за мерење на публиката.

Се надеваме дека ќе ги земете предвид нашите коментари при изготвувањето и донесувањето на финалниот документ на Нацрт - Упатството за начинот на мерење на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма од Република Македонија.

Со почит,

Директор на Сектор за регулативни и големопродажни прашања,

Слободанка Гиевска

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00